
| | | |
|---|---|---|
| | | 4.8. Училиштето  поддржува и оддава признанија за квалитетното работење на наставниците<br>48 responses<br><br><br>Иако, 43.8 % од наставниците се согласуваат со  тврдење Училиштето поддржува и оддава признанија за квалитетното работење на наставниците. Податоците дополнително се проверени преку дискусии во фокус групите со наставници и интервју со директорот и стручните соработници при што е констатирано дека  оддавањето на признанија се врши само преку доделување на  благодарници и пофалници за постигнати резултати и јавно истакнување на Наставнички совет. Потребна е изработка на интерен правилник за награди. |

| | | |
|---|---|---|
| | Следење и унапредување на наставниот процес | Училиштето располага со наставници по сите наставни предмети, кои се компетентни за работните места по нормативот за наставен кадар.<br>Сите наставници ги извршуваат своите работни задачи според прописите и редовно. Сите отсуства кои се направени во оваа година се од оправдани причини - заради боледувања, посета на семинари, учества на натпревари, смотри и сл.<br>Директорот е редовно информиран за секое отсуство на било кој наставник и по потреба применува мерки за промена на распоред или замена за непречено одвивање на наставата. Работата на наставниците се следи преку:<br>- посета на часови од страна на директорот или педагогот или психологот;<br><br>Податок: Анкетирани се вкупно 48 наставници по случаен избор. По однос на тврдењето 4.5. Директорот и стручните соработници следат најмалку два мои наставни часови во текот на едно полугодие. 45.8 % од наставниците целосно се согласуваат, 50 % од наставниците се согласуваат со ова тврдење, 2.1 % не се |

| | | |
|---|---|---|
| | | согласуваат со тврдењето, нема наставници кои целосно не се согласуваат и 2.1 % не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br><br><br><br>Податок: Анкетирани се вкупно 48 наставници по случаен избор. По однос на тврдењето 4.6. За моите следени наставни часови добивам конструктивна повратна информација. 45.8 % од наставниците целосно се согласуваат, 47.9 % од наставниците се согласуваат со ова тврдење, 2.1 % не се согласуваат со тврдењето, 2.1 % целосни не се согласуваат и 2.1 % не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>Стручната служба во училиштето им помага на наставниците во организација на наставата, во следење на напредокот на учениците ,во справување со проблемите и во давање советодавна помош на учениците. Стручната служба е активно вклучена во следење на наставниот процес, следејќи посебни ученици кои имаат проблеми со развојот и напредувањето. ревзема одредени активности во договор со наставниците, прави споредбени анализи и дава сугестии на наставниците заради подобрување на наставата и успехот, |

| | | |
|---|---|---|
| | | превзема одредени активности во договор со наставниците, прави споредбени анализи и дава сугестии на наставниците заради подобрување на наставата и успехот. |
| Индикатор 4.2 Цели и креирање на училишната политика | | |
| Извори на податоци | Теми по индикатори | Информации кои се собрани |

| | | |
|---|---|---|
| Развојна програма на училиштето; годишна програма за работа на училиштето; извештај од самоевалуација; план за следење и евалуација за реализацијата на акциските планови; анкети/интервјуа со директорот, стручните соработници, наставниците, родителите, учениците; записници од училишниот одбор, советот на | Процедури за креирање на училишната политика | Во постапките за креирање на училишната политика вклучени се: наставниот кадар, родителите, учениците, основачот Општина Карпош – секторот за образование, при што се почитуваат насоките дадени од МОН и БРО. Информирањето на заинтересираните субјекти (наставници, ученици и родители) се врши преку писмени документи доставени до субјектите, огласната табла, но и усно преку индивидуални и групни средби. Во креирањето на политиката на училиштето е вклучена и грижата за здравјето на учениците преку разновидни активности зацртани во наведените документи. На учениците им се овозможува да учествуваат на манифестации по повод одбележување на: културно уметнички, историски, еколошки, спортски активности, собирни акции и сл.<br><br>Податок: Анкетирани се вкупно 48 наставници по случаен избор. По однос на тврдењето 4.1. Информиран/а сум за резултатите што треба да се постигнат со развојната програма на училиштето и динамиката за реализирање. 50 % од наставниците целосно се согласуваат, 39.6 % од наставниците се согласуваат со ова тврдење, 2.1 % не се согласуваат со тврдењето, нема наставници кои целосно не се согласуваат и 8.3 % не знаат или немаат информација за ова тврдење. |

| | | |
|---|---|---|
| родители,<br>наставничкиот совет;<br>интерни акти;<br>програма за работа и<br>извештаи<br>за работата на<br>училишниот одбор;<br>деловник за работа<br>на училишниот<br>одбор; план за<br>професионален<br>развој; буџет и<br>финансиски план<br>на училиштето. | | <br>Податок: Анкетирани се вкупно 48 наставници по случаен избор. По однос на тврдењето 4.2. Во училиштето се практикува соработка помеѓу раководството, воспитно-образовниот кадар, учениците и родителитеа при донесувањето одлуки. 45.8 % од наставниците целосно се согласуваат, 45.8 % од наставниците се согласуваат со ова тврдење, 4.2 % не се согласуваат со тврдењето, 2.1 % целосно не се согласуваат и 2.1 % не знаат или немаат информација за ова тврдење. |

| | | |
|---|---|---|
| | | 4.2. Во училиштето се практикува соработка помеѓу раководството, воспитно-образовниот кадар, учениците и родителитеа при донесувањето одлуки<br>48 responses<br><br> |

| | | |
|---|---|---|
| | Резултати од развојно планирање | Органите и телата во училиштето активно се вклучени во креирањето на училишната образовна политика. Директорот на училиштето и стручната служба се одговорни за организацијата и реализацијата на Годишната програма за работа на училиштето.<br>Стратегиите и процедурите кои се користени во процесот на самоевалуација и развојниот план на училиштето ги имаат идентификувано соодветните приоритети и задачи. Планираните цели се прецизни и јасно ги отсликуваат мисијата, визијата и вредностите на училиштето и истите се имплементирани и во Годишните програми заработа на училиштето. Во процесот на самоевалуација се вклучени сите наставници. Самоевалуацијата и Развојниот план се изработуваат согласно Законските и статутарните одредби. Училиштето ги информира наставниците, учениците, родителте и УО за поставените цели и динамиката за нивно реализирање и постигнатите резултати.<br><br>Податок: Анкетирани се вкупно 134 ученици по случаен избор. По однос на тврдењето 4.1. Информиран/а сум кои активности ги планира училиштето за следниот период. 21.6% од учениците целосно се согласуваат., 47,8% од учениците се согласуваат со ова тврдење, 11.9% не се согласуваат со тврдењето, 3.7% од учениците целосно не се согласуваат и 14.9% од учениците не знаат или немаат информација за ова тврдење. |

<table>
<tr>
<td></td>
<td></td>
<td>


Податок: Анкетирани се вкупно 150 родители по случаен избор. По однос на тврдењето 4.2. Информиран/а сум од страна на претставникот од совет на родители за резултатите кои треба да се постигнат во следниот период. 40.7% од родителите целосно се согласуваат, 49.3% од родителите се согласуваат со ова тврдење, 0.7% не се согласуваат со тврдењето, 2% од родителите целосно не се согласуваат и 7.3% од родителите не знаат или немаат информација за ова тврдење.
</td>
</tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| | | 4.2. Информиран/а сум од страна на претставникот од совет на родители за резултатите кои треба да се постигнат во следниот период<br>150 responses<br>49.3%<br>7.3%<br>40.7%<br>Целосно се согласувам<br>Се согласувам<br>Не се согласувам<br>Целосно не се согласувам<br>Не знам/ Немам информација |

| | | |
|---|---|---|
| | Планирање и управување со училишниот буџет | Директорот на училштето обезбедува почитување на законската регулатива за финансиско работење на училиштето. Се применуваат Правилници и Законот за финансиско работење на училиштето како и тендерски постапки. Училишниот одбор донесува Годишен план и го разгледува Годишниот извештај за финансиското работење на училиштето. Директорот на училиштето обезбедува почитување на законската регулатива за финансиско работење на училиштето. Се применуваат Правилници и Законот за финансиско работење на училиштето како и тендерски постапки. Директорот ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето и има изработено финансиски план за распределување на финансиските средства. Финансискиот план е одобрен од Училишниот одбор и Советот на општината. Планирањето на финансиските средства е опфатено со Финансовиот план на училиштето и Планот за јавни набавки. Постапката за спроведување на финансиското работење се одвива во три етапи:<br><br>I. Утврдување на потребите;<br><br>II. Обезбедување финансиски средства (МОН, општина,<br><br>аплицирање со проекти);<br><br>III.Спроведување на планираното согласно законски и правни норми.<br><br>Платите на вработените се обезбедени од страна на Општината, како и материјалните средства за огрев и хигиена. Финансиските средства за плаќање на комуналиите и набавка на потрошен канцелариски материјал, како и минимални финансиски средства за набавка на нагледни средства и материјали, исто така ги обезбедува Општината. Финансиските средства за надополнување на библиотечниот фонд се обезбедуваат, во мал дел, преку |

| | | |
|---|---|---|
| | | издавачките куќи кои го обезбедуваат детскиот печат за учениците и со пренамена на финансиски средства за други намени, кои не се искористени. Училиштето навремено ги идентификува потребите од материјално-технички средства и континуирано ги планира и обезбедува. Од пописната листа се согледува моменталната состојба на материјално -техничките средства на училиштето. Постои финансов план на училиштето според кој однапред се планираат средства за потребите на училиштето. Потребите за реализација на успешна настава се задоволени вопоглед на материјално- технички средства и нагледни средства. Училиштето планира подобрување на инфраструктурата со Годишната програма. Директорот на училиштето вложува максимум во изнаоѓање на донации, соработува со локалната самоуправа за обезбедување на средства. Инфраструктурата на училиштето не ги задоволува потребите, и континуирано се работи на обезбедување на средства за подобрување на истите. Се прават долгорочни планирања кои ќе се реализираат во одреден временски период. Со финансиското работење на училиштето, односно училишниот буџет и трошоците, се запознаени сите вработени, родители, локалната самоуправа, МОН и тоа преку полугодишен и годишен извештај за финансиското работење на училиштето. Завршните сметки се доставуваат до сите органи на управување и раководење со училиштето, а воедно се поставуваат и на веб страната. Транспарентноста се остварува така што УО разгледува и донесува одлуки во врска со намената на финансиските средства. Годишниот план за јавни набавки се доставува до Општината, а Советот на родители е информиран за секоја одлука во врска со трошењето на средствата од училишниот буџет. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Податок: Анкетирани се вкупно 48 наставници по случаен избор. По однос на тврдењето 4.9. Запознаен/а сум како се троши буџетот на училиштето. 14.6 % од наставниците целосно се согласуваат, 39.6 % од наставниците се согласуваат со ова тврдење, 25 % не се согласуваат со тврдењето, 4.2 % целосни не се согласуваат и 16.7 % не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br><br><br><br>Податок: Анкетирани се вкупно 48 наставници по случаен избор. По однос на тврдењето 4.3. Училиштето ми го обезбедува потребниот потрошен материјал за реализација на наставните и воннаставните активности. 10.4 % од наставниците целосно се согласуваат, 41.7 % од наставниците се согласуваат со |

<table>
<tr>
<td></td>
<td></td>
<td>ова тврдење, 35.4 % не се согласуваат со тврдењето, 10.4 % целосни не се согласуваат и 2.1 % не знаат или немаат информација за ова тврдење.<br><br>
<br><br>35.4 % од наставниците не се согласуваат со тврдењето : Училиштето ми го обезбедува потребниот потрошен материјал за реализација на наставните и воннаставните активности. Податоците дополнително се проверени преку дискусија со фокус група од наставници и интервјуто со директорот и стручните соработници, при што е констатирано дека училиштето обезбедува потрошен материјал за реализација на наставата и воннаставните активности е недоволен.</td>
</tr>
</table>

Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики

Опис/резиме

Во анализата на состојбата на училиштето, се истакнуваат неколку важни силни страни, како и одредени слабости што бараат внимание за унапредување на работата. Исто така, утврдени се приоритети кои ќе помогнат во решавањето на овие предизвици и во подобрување на подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики

Една од најзначајните предности на училиштето е добро опремената библиотека, која располага со 15 книги по ученик, вклучувајќи ги и задолжителните лектири. Ова овозможува учениците да имаат пристап до доволно литература, што е важно за развивање на нивните читачки навики и знаења. Училиштето, исто така, се издвојува по транспарентното информирање на родителите, особено преку советот на родители, кој редовно ги информира за резултатите и целите кои треба да се постигнат. Ова создава добра комуникациска врска меѓу училиштето и родителите и помага во градењето на доверба и соработка.

И покрај силните страни, училиштето се соочува со неколку предизвици. Прво, родителите не се доволно информирани за работата на училишниот одбор, што создава јаз во комуникацијата и ги ограничува можностите за нивно активно учество во училишното управување. Дополнително, училиштето недоволно ги поттикнува родителите да се вклучат во училишните активности, што резултира со слаба вклученост на семејствата во училишниот живот. Друг проблем е недоволното обезбедување на средства за потрошен материјал за сите наставни предмети, што го отежнува одржувањето на квалитетот на наставата и воннаставните активности. Иако училиштето поддржува и оддава признанија за квалитетното работење на наставниците, недостигот на формализиран правилник за наградување ја ограничува можноста за објективно вреднување на трудот на наставниците.

За да се надминат овие слабости, потребно е училиштето да преземе неколку приоритетни чекори. Прво, важно е да се подобри информирањето на родителите за работата на училишниот одбор преку редовни состаноци, билтени или дигитални платформи каде што родителите ќе добиваат релевантни информации за активностите и одлуките на одборот. Второ, треба

| |
|---|
| да се зголеми вклученоста на родителите во училишните активности преку создавање на можности за нивно активно учество во настани, работилници и доброволни иницијативи. Ова ќе помогне во зајакнување на заедничката одговорност за успехот на учениците.<br><br>Третиот приоритет е обезбедување на доволно средства за наставни предмети и воннаставни активности. Ова може да се постигне преку барање на дополнителни финансиски извори, како што се грантови или соработка со заедницата, што ќе овозможи подобро материјално снабдување за наставата. На крај, потребно е да се воспостави правилник за наградување на наставниците, со јасни критериуми за тоа како се вреднува нивниот труд. Ваквиот систем на наградување ќе поттикне поголема мотивација и посветеност кај наставниците, што ќе придонесе за подобрување на квалитетот на наставата.<br><br>Училиштето има солидна основа во однос на достапноста на ресурси и транспарентноста во информирањето, но има и простор за унапредување, особено во вклучувањето на родителите и обезбедувањето на потребни средства за наставата. Преку приоритетните активности за подобрување на комуникацијата, вклученоста и наградувањето на наставниците, училиштето ќе може да постигне поголем успех и подобри резултати во работата и воспитно-образовниот процес. |
| Силни страни<br><br>- Училишната библиотека располага со по 15 книги по ученик, вклучувајќи ги и лектирните изданија.<br>- Транспарентност во информирањето од страна на советот на родители за резултатите кои треба да се постигнат во училиштето. |
| Слаби страни<br><br>- Родителите не знаат или немаат доволно информации за работата на училишниот одбор<br>- Училиштето недоволно ги поттикнува родителите да се вклучат во училишните активности<br>- Училиштето обезбедува средства за потрошен материјал за наставата и воннаставните активности но тие мне се деоволни за сите наставни предмети.<br>- Училиштето поддржува и оддава признанија за квалитетното работење на наставниците., но нема правилник за награди на наставниците |

Приоритети

- Подобрување на информираноста на родителите за работата на училишниот одбор
- Зголемување на вклученоста на родителите во училишните активности
- Обезбедување на доволно средства за наставни предмети и вонннаставни активности
- Воспоставување правилник за наградување на наставниците

Методи кои се користени за собирање податоци и обработени информации

(се внесуваат обработени резултати од анкетите со сите чинители (% на одговори по прашања на анкетните прашалници), резимеа од квалитативна анализа што се однесува на наменско набљудување, анализа на одговорите од интервјуата и дискусиите во фокус групите)

| |
|---|
| Анкета за родители/старатели Подрачје 1 , Подрачје 2 , Подрачје 3, Подрачје 4 |
| Анкета за наставници Подрачје 1 , Подрачје 2 , Подрачје 3, Подрачје 4 |
| Анкета за ученици Подрачје 1 , Подрачје 2 , Подрачје 3, Подрачје 4 |
| Резиме (главни наоди) од интервјуа со директор/стручна служба |
| Резиме (главни наоди) од фокус групи (наставници, родители, ученици) |
| Наоди од набљудување часови |
| Наоди од други видови набљудувања |

ИЗВЕШТАЈ

од самоевалуација на ООУ,,Јан Амос Коменски“ период 2022- 2024 година

Врз основа на Законот за основното образование („Службен весник на РСМ“ 161/19, 229/20 година) Општинското основно училиште ,,Јан Амос Коменски“ изврши самоевалуација на работата на училиштето за период од 2022-2024 година.
За таа цел, на предлог на директорот на училиштето, Училишниот одбор на својата седница одржана на 27.06.2024 година формираше комисија за спроведување на самоевалуацијата во следниот состав: Татјана Јанкуловска – директор, Елизабета Ивановиќ – психолог, Соња Казакова – педагог, Стефани Ѓорѓиевска – дефектолог, Александра Блажевска – наставник ментор, Бијлана Стојков – одделенски наставник, Лана Малевска- ученичка, претставник од ученички парламент.

Самоевалуацијата беше спроведена во периодот 2022- 2024 година. За нејзино успешно спроведување, Комисијата обезбеди активно учество на целиот воспитно-образовен кадар во процесот, со тоа што беа формирани 4 тима за 4 клучни подрачја во чии рамки се вршеше самоевалуацијата, односно:

| Подрачје | Членови на тимот |
|---|---|
| 1. Планирање, настава и учење | **Сузана Јакимовска,** Златица Апостолов, Биљана Д. Стојанова, Рада Стаменкоска, Лирие Мемети, Радмила Стошиќ, Јованка Дигаловска, Стефани Ѓорѓиевска, Марија Јошевска, Марија Златановска, Ивана Јошевска, Живка Пројчевска, Грозданка Кажлева, Јадранка Горгиевска, Ирена Буклевска, Александра Николовска, Зоран Ристовски, Горан Ташовски, Маријан Угриновски Сузана Јакимовска |
| 2. Постигања на учениците | **Елизабета Теодосиевска**, Светлана Софеска, Светлана Стојановска, Симона Пашоска, Викторија Чалоска, Горан Ристовски, Цветанка Петрова, Велибор Бубулевски |
| 3. Училишна клима и односи во училиштето | **Билјана Стојков**, Снежана Трајкоска Саздевска., Јасмина Макаловска Александра Русјакова, Катерина Божиновска, Соња Казакова, Гордана Николовска, Стефанија Илевска Костовска, Александра Гаџоска, Ољга Георгиевска, Билјана Трајкова, Андријана Велиновиќ Бошковски, Христина Јовановска, Елизабета Мирчевска, Благица Ризова, Олимпија Јовчевска, Елизабета Ивановиќ, Невена Миовска |
| 4. Управување и раководење | **Татјана Георгиевска**, Ирена Пантова, Катерина Димишковска, Анита Турунидов, Дијана |

| | |
|---|---|
| | Стевковска, Марија Христовска, Александра Блажевска, Татјана Георгиевска |

Тимовите спроведоа анкети, интервјуа, извршија увид во потребната документација и изворите, врз основа на што ги обезбедија сите потребни податоци и материјали, според кои дадоа описи на постигнатоста на индикаторите во рамките на своето подрачје. Секој тим за своето подрачје направи опис/резиме на подрачјето, ги издвои силните и слабите страни и предложи приоритети, врз основа на кои понатаму ќе се темели изготвувањето/реализацијата на Развојната програма на училиштето.

По завршената работа, секој тим ја достави целосната документација од самоевалуацијата до Комисијата, која повторно ги разгледа сите документи и ги оформи во една целина.

Со цел да се обезбеди транспарентност на процесот, на седницата на Наставничкиот совет одржана на 17.10.2024 година секој тим ги образложи резултатите од својата работа, силните и слабите страни, како и предложените приоритети. Наставничкиот совет воедно дискутираше и се договараше во однос на тоа кои приоритети треба да бидат клучни за изготвување/реализација на стратешките и развојните цели во Развојната програма на училиштето.

Во овој извештај ќе го презентираме описот/ резимето, силните страни, слабите страни и приоритетите во однос на секое подрачје.

| Подрачје 1: Планирање, настава и учење |
|---|
| Опис/резиме на подрачјето<br><br>Во рамките на оценувањето на состојбите во училиштето, идентификувани се неколку силни и слаби страни, како и приоритети за подобрување на образовниот процес. Ова резиме ги опфаќа најзначајните аспекти од оваа анализа и укажува на насоките за понатамошно унапредување на училиштето.<br><br>Една од главните предности на училиштето е високото ниво на задоволство кај учениците и родителите во однос на признанието што го добиваат од наставниците за постигнатите резултати и вложениот труд. Ова укажува на добар однос и комуникација меѓу наставниците и учениците, што го поттикнува процесот на учење и мотивираноста кај учениците. Дополнително, училиштето обезбедува индивидуална поддршка за 15 ученици со посебни образовни потреби, фокусирајќи се на развивање и зајакнување на нивните функционални способности. Оваа инклузивна практика го јакне капацитетот на учениците за поуспешно учество во наставата и создава позитивна училишна средина. Покрај тоа, учениците активно учествуваат на сите акредитирани натпревари, што резултира со високи достигнувања, истакнувајќи ја конкурентноста и успехот на училиштето во надворешни активности.<br><br>И покрај бројните предности, идентификувани се неколку слабости кои го ограничуваат целосниот потенцијал на училиштето. Наставниците планираат вонаставни активности, но при нивното планирање не ги вклучуваат учениците, што резултира со намалена мотивација и интерес за учество. Исто така, иако училиштето планира активности за меѓуетничка интеграција во образованието (МИО), само мал број ученици се вклучени во нивната реализација, што може |

да го намали ефектот и значењето на овие активности. Дополнително, постои незадоволство кај учениците во однос на праведноста на оценувањето, иако училиштето има јасна политика за ова прашање. Ова укажува на можни пропусти во спроведувањето на оценувањето или во транспарентноста на процесот.

За да се надминат овие слабости и да се подобри општата училишна клима, идентификувани се неколку приоритети. Прво, треба да се обезбеди поголемо вклучување на учениците во планирањето на воннаставните активности, со што ќе се поттикне нивната креативност и иницијатива. Второ, потребно е да се создадат постапки за информирање и мотивирање на учениците за активно учество во активностите поврзани со МИО, со цел да се постигне поголема инклузивност и разбирање меѓу различните етнички групи. Конечно, приоритет е и подобрувањето на праведноста во процесот на оценување, преку зголемување на транспарентноста и праведното применување на критериумите за оценување.

Иако училиштето се истакнува по многу аспекти, потребни се неколку клучни интервенции за да се подобри процесот на учење и вклученоста на учениците. Вклучувањето на учениците во планирањето на  воннаставни активностите, подобрувањето на праведноста во оценувањето и зголемената инклузивност во МИО активностите ќе придонесат за создавање на поуспешна и потранспарентна училишна средина.

Силни страни

- Постои големо задоволство кај учениците и родителите за одавањето признание  од страна на наставниците за постигнатите резултати и вложениот труд  на учениците
- За 15 ученика со посебни образовни потреби училиштето реализира организирана индивидуална поддршка во поглед на развивање и зајакнување на нивните функционалности што претставува зајакнување на нивните капацитети за процесот на учење.
- Учениците од нашето училиште учествуваат на сите акредититрани натпревари според пропозициите на организаторите и постигнуваат високи резултати

Слаби страни

- Наставниците планираат воннаставни активности но при планирањето  не ги вклучуваат учениците
- Училиштето планира активности за МИО, но вклучува само мал број на ученици при нивната реализација
- Училиштето има јасна политика за оценувањето, но постои незадоволство кај учениците во однос на праведноста при оцнувањето.

Приоритети

- Вклучување на учениците во планирањето на воннаставните активностите во училиштето
- Креирање постапки за информирање и мотивирање на ученици за учество во активности МИО
- Подобрување на процесот на праведно оценување на учениците.

Подрачје 2: Постигања на учениците

Опис/резиме на подрачјето

Во анализата на силните и слабите страни на училиштето, како и во утврдувањето на приоритетите, се издвојуваат неколку важни аспекти кои ги одразуваат предизвиците и потенцијалите за подобрување на образовниот процес. Ова резиме ги нагласува клучните наоди и ги утврдува приоритетите за подрачјето постигања на учениците

Една од најзначајните предности на училиштето е утврдениот систем за известување, кој обезбедува јасни насоки за тоа кога и како ќе се известуваат учениците и нивните родители. Овој систем овозможува транспарентност и редовна комуникација меѓу училиштето и семејствата, што создава доверба и ја зголемува вклученоста на родителите во образовниот процес на нивните деца. Дополнително, позитивните ставови на родителите во однос на квалитетот на известувањето укажуваат на ефикасноста на оваа практика и на нејзиното позитивно влијание врз општата училишна клима. Систематизираниот пристап кон известувањето е важен елемент кој ја олеснува двонасочната комуникација и помага во благовремено информирање и решавање на евентуални проблеми.

И покрај добро структурираните наставни програми и планови, училиштето се соочува со проблем во мотивацијата на учениците да ја посетуваат дополнителната настава. Иако постои јасен распоред за реализација на оваа настава, слабата вклученост на учениците покажува дека постои јаз меѓу понудените можности и интересот на учениците за нивно искористување. Ова укажува на потребата од подобро разбирање на ученичките потреби и од наоѓање иновативни начини за зголемување на нивната мотивација. Без активна и мотивирана вклученост, дополнителната настава губи од својот потенцијал да им помогне на учениците да ги подобрат своите знаења и вештини.

За да се реши проблемот со ниската мотивација за посетување на дополнителната настава, потребно е да се вклучат учениците во подготвување на стратегија за поефективно користење на овие часови. Овој приоритет подразбира активно учество на учениците во дизајнирањето на програмите, со што ќе се осигура дека тие одговараат на нивните реални потреби и интереси. Вклучувањето на учениците во овој процес ќе ја зголеми нивната свест за важноста на дополнителната настава и ќе го зајакне чувството на одговорност за сопствениот напредок.

Со тоа, дополнителната настава ќе стане поатрактивна и поефикасна, а учениците ќе добијат поголема поддршка за постигнување на успех во образованието.

И покрај силните страни на училиштето, како што е утврдениот систем за известување, предизвикот со ниската мотивација за дополнителната настава бара итни мерки. Со вклучување на учениците во креирањето на стратегии за подобрување на дополнителната настава, училиштето ќе создаде услови за поголема ангажираност и ќе ја зголеми ефикасноста на овие програми.

Силни  страни

- Училиштето има утврден систем за известување, со јасни насоки кога и како ќе се известува и доколку се надополни со ставовите на родителите/старателите – позитивни во однос на начинот и квалитетот на известувањето.

Слаби страни

- Училиштето има јасен распоред и план за реализација на дополнителна настава, но постои потреба да се подобри ефикасноста на реализацијата на истата.

Приоритети

Вклучување на учениците во подготвување на стратегија за поефективно користење на дополнителната настава според нивните потреби

Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето

Опис/резиме на подрачјето

Во оценувањето на работата на училиштето, се издвојуваат неколку значајни аспекти кои ги нагласуваат и неговите силни страни и областите каде што е потребно подобрување. Ова резиме ги презентира главните наоди поврзани со силните и слабите страни на училиштето, како и приоритетите за подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето.

Една од најзначајните предности на училиштето е плодната соработка со заедницата, која се реализира преку заеднички проекти со општината и граѓанските организации. Оваа соработка овозможува размена на ресурси и искуства, што позитивно влијае на образовниот процес и создава врска меѓу училиштето и пошироката заедница. Дополнително, училиштето се истакнува со обезбедувањето на безбеден и сигурен простор за учениците, каде што тие се чувствуваат заштитени. Оваа безбедност е клучен елемент за создавање позитивна и продуктивна училишна средина. Понатаму, редовната грижа за здравјето на учениците е важен дел од културата на училиштето, каде што постои тесна соработка меѓу стручната служба, наставниците и родителите. Ова обезбедува соодветна поддршка за учениците со хронични заболувања и други здравствени проблеми, што овозможува непречено учење и учество во наставата.

Сепак, училиштето се соочува со одредени предизвици, кои влијаат врз квалитетот на наставата и вклученоста на учениците и родителите во одредени активности. Еден од главните проблеми е недостатокот на работна дисциплина за време на часовите кај дел од наставниците, што може негативно да влијае врз вниманието и постигнувањата на учениците. Дополнително, иако училиштето планира активности за запознавање на учениците со нивните права, постои потреба од зголемување на ефективноста на овие активности. Исто така, иако се спроведуваат активности за превенција од насилство и ненасилно решавање на конфликти, потребна е поголема вклученост на родителите и учениците, како и подобра информираност за овие активности. На крај, активностите поврзани со информирање и поддршка при избор на понатамошното образование на учениците се важен аспект од образовниот процес, но постои потреба од подобра комуникација со родителите за нивната реализација.

За да се надминат идентификуваните слабости, утврдени се неколку приоритети. Прво, потребно е унапредување на менаџирањето во училницата од страна на наставниците, со што ќе се подобри дисциплината за време на часовите и ќе се создаде подобра училишна клима. Второ, важен приоритет е зголемување на вклученоста на родителите во заеднички активности, едукации и работилници поврзани со правата на децата, што ќе ја подобри свесноста за овие права и ќе ја зајакне нивната поддршка. Трето, учениците треба да бидат активно вклучени во активности и едукации за превенција од насилство и ненасилно решавање на конфликти, со што ќе се поттикне нивната свесност и учество во градењето на ненасилна средина. Конечно, потребно е зголемување на транспарентноста во информирањето и поддршката при избор на понатамошното образование на учениците, што ќе им помогне и на учениците и на родителите при донесување на информирани одлуки за иднината.

Училиштето има силни основи за успех, како што е добрата соработка со заедницата и посветеноста на безбедноста и здравјето на учениците. Сепак, постојат области каде што е неопходно унапредување, како што се дисциплината во училниците и подобрување на вклученоста на родителите и учениците во одредени активности. Со поставување на приоритети за решавање на овие слабости, училиштето може да го подобри квалитетот на образовниот процес и да создаде подобра средина за учење и развој на учениците.

Силни страни

- Училиштето остварува плодна соработка со заедницата преку заеднички проекти со општината и граѓански организации.
- Училишниот простор е безбеден за изведување настава и учениците се чувствуваат безбедно и сигурно
- Училиштето води редовна грижа за здравјето на учениците, во училиштето постои соработка меѓу стручната служба, наставникот и родителот за надминување на проблеми со здравјето, хронични заболувања и потешки повреди и е дел од културата на училиштето.

Слаби страни

- Недостаток на работна дисциплина за време на часовите кај дел од наставниците.
- Училиштето планира активности за запознавање со правата на децата, но постои потреба од зголемување на ефективноста од реализираните активности.
- Училиштето спроведува активности за превенција од насилство и ненансилно решавање на конфликти, но постои потребна од поголема вклученост и информираност на родителите и учениците во реализацијата на овие активности.
- Училиштето спроведува активности за информирање и поддршка при избор на понатамошното образование на учениците, но постои потребна од поголема информираност на родителите за реализацијата на овие активности

Приоритети

- Потребно е унапредување на менаџирање во училницата од страна на наставниците.
- Вклучување на родителите/старателите во заеднички активности, едукации и работилници за правата на децата
- Вклучување на учениците во заеднички активности, едукации и работилници за превенција од насилство и ненансилно решавање на конфликти.
- Потребно е зголемување на транспарентноста за информирање и поддршка при избор на понатамошното образование на учениците.

Подрачје 4: Управување и раководење

Опис/резиме

Во анализата на состојбата на училиштето, се истакнуваат неколку важни силни страни, како и одредени слабости што бараат внимание за унапредување на работата. Исто така, утврдени се приоритети кои ќе помогнат во решавањето на овие предизвици и во подобрување на подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики

Една од најзначајните предности на училиштето е добро опремената библиотека, која располага со 15 книги по ученик, вклучувајќи ги и задолжителните лектири. Ова овозможува учениците да имаат пристап до доволно литература, што е важно за развивање на нивните читачки навики и знаења. Училиштето, исто така, се издвојува по транспарентното информирање на родителите, особено преку советот на родители, кој редовно ги информира за резултатите и целите кои треба да се постигнат. Ова создава добра комуникациска врска меѓу училиштето и родителите и помага во градењето на доверба и соработка.

И покрај силните страни, училиштето се соочува со неколку предизвици. Прво, родителите не се доволно информирани за работата на училишниот одбор, што создава јаз во

комуникацијата и ги ограничува можностите за нивно активно учество во училишното управување. Дополнително, училиштето недоволно ги поттикнува родителите да се вклучат во училишните активности, што резултира со слаба вклученост на семејствата во училишниот живот. Друг проблем е недоволното обезбедување на средства за потрошен материјал за сите наставни предмети, што го отежнува одржувањето на квалитетот на наставата и воннаставните активности. Иако училиштето поддржува и оддава признанија за квалитетното работење на наставниците, недостигот на формализиран правилник за наградување ја ограничува можноста за објективно вреднување на трудот на наставниците.

За да се надминат овие слабости, потребно е училиштето да преземе неколку приоритетни чекори. Прво, важно е да се подобри информирањето на родителите за работата на училишниот одбор преку редовни состаноци, билтени или дигитални платформи каде што родителите ќе добиваат релевантни информации за активностите и одлуките на одборот. Второ, треба да се зголеми вклученоста на родителите во училишните активности преку создавање на можности за нивно активно учество во настани, работилници и доброволни иницијативи. Ова ќе помогне во зајакнување на заедничката одговорност за успехот на учениците.

Третиот приоритет е обезбедување на доволно средства за наставни предмети и воннаставни активности. Ова може да се постигне преку барање на дополнителни финансиски извори, како што се грантови или соработка со заедницата, што ќе овозможи подобро материјално снабдување за наставата. На крај, потребно е да се воспостави правилник за наградување на наставниците, со јасни критериуми за тоа како се вреднува нивниот труд. Ваквиот систем на наградување ќе поттикне поголема мотивација и посветеност кај наставниците, што ќе придонесе за подобрување на квалитетот на наставата.

Училиштето има солидна основа во однос на достапноста на ресурси и транспарентноста во информирањето, но има и простор за унапредување, особено во вклучувањето на родителите и обезбедувањето на потребни средства за наставата. Преку приоритетните активности за подобрување на комуникацијата, вклученоста и наградувањето на наставниците, училиштето ќе може да постигне поголем успех и подобри резултати во работата и воспитно-образовниот процес.

Силни страни

- Училишната библиотека располага со по 15 книги по ученик, вклучувајќи ги и лектирните изданија.
- Транспарентност во информирањето од страна на советот на родители за резултатите кои треба да се постигнат во училиштето.

Слаби страни

- Родителите не знаат или немаат доволно информации за работата на училишниот одбор

- Училиштето недоволно ги поттикнува родителите да се вклучат во училишните активности
- Училиштето обезбедува средства за потрошен материјал за наставата и вонннаставните активности но тие мне се деоволни за сите наставни предмети.
- Училиштето  поддржува и оддава признанија за квалитетното работење на наставниците., но нема правилник за награди на наставниците

Приоритети

- Подобрување на информираноста на родителите за работата на училишниот одбор
- Зголемување на вклученоста на родителите во училишните активности
- Обезбедување на доволно средства за наставни предмети и воннаставни активности
- Воспоставување правилник за наградување на наставниците

Предлог-мерки за подобрување на квалитетот на работата на училиштето

- Вклучувањето на учениците во планирањето на  воннаставните активностите, подобрувањето на праведноста во оценувањето и зголемената инклузивност во МИО активностите ќе придонесат за создавање на поуспешна и потранспарентна училишна средина.
- Вклучување на учениците во креирањето на стратегии за подобрување на дополнителната настава, училиштето ќе создаде услови за поголема ангажираност и ќе ја зголеми ефикасноста на овие програми.
- Унапредување на дисциплината во училниците и подобрување на вклученоста на родителите и учениците во одредени активности како што се: запознавање со правата на децата., превенција од насилство и ненансилно решавање на конфликти и поддршка при избор на понатамошното образование на учениците.
- Подобрување на информираноста  и зголемување на вклученоста на родителите во училишните активности. Обезбедувањето на потребни средства за  реализација на наставата, воспоставување на правилник за наградувањето на наставниците.

Комисија за спроведување на самоевалуацијата:

Татјана Јанкуловска – директор

Елизабета Ивановиќ – психолог

Соња Казакова – педагог

Стефани Ѓорѓиевска – дефектолог

Александра Блажевска – наставник ментор

Бијлана Стојков – одделенски наставник

Лана Малевска- ученичка, претставник од ученички парламент

Директор

Татјана Јанкуловска